


















# ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН

**ИЗГОТВУВА:
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА**

# НОВА СПОРТСКА САЛА ЗА ПРВИОТ УЧИЛИШЕН ДЕН

Со весел детски џагор и љубопитни очи, во понеделникот учениците од десетте основни училишта од Општина Карпош го дочекаа првиот училишен час. Во основното општинско училиште „Јан Амос Комеснки", добредојде на првачињата и учениците им посака Градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски во новата реконструирана спортска сала. Тој на првачињата им посака добредојде и успешна учебна година на учениците од ООУ „Јан Амос Коменски". - Многу е важно што овој училишен ден го започнуваме со реконструиранaта спортска сала во ООУ „Јан Амос Комеснки". Општина Карпош одвои околу 10.000.000 денари за реконструкција на покривот, прозорците, фасадата, панелите, соблекувалните како и за реконструкиција на паркетот. Ова е комплетно ново училиште, што значи учениците ќе учат во добри услови. – рече Јакимовски, кој додаде дека Општина Карпош и понатаму ќе продолжи да дава поддршка на образованието и на најмладите генерации.

Успешен старт на првачињата и на децата од погорните класови им посака претседателот на Советот на Општина Карпош Сашо Лазаровски, кој во ООУ „Владо Тасевски" го проследи свеченото „добредојде" во ова училиште во населбата Козле. Оваа година се запишани 638 првачиња на територија на Општината и сите тие, како и второоделенците кои живеат во Карпош, ќе добијат бесплатна ужинка, а бесплатни еднодневни излети ќе имаат учениците од прво до петто одделение. Директорката на ООУ „Јан Амос Комеснки", Емилија Арсовска, со поздравен говор им се обрати на родителите и учениците на првиот училишен ден. -Нашето училиште денеска ги отвора портите на една нова генерација која што е 51-ва по ред. Тука ќе научите да пеете, да ја кажувате азбуката, ќе научите да сметате и да се радувате. Денеска започнува новата учебна година и ден кога нашето училиште свечено ги отвора вратите на новата реконструирана спортска сала. Голема благодарност до Општина Карпош, на која што сите овие години приоритет и беше токму образованието. Во Општина Карпош се наоѓаат најубавите училишта, со најдобри услови на што сме особено горди. –заврши Арсовска. На свеченото отворање на спортската сала како и добредојде за новата генерација, постарите ученици им приредија изненадување и им посакаа успешна учебна година со богата културно-музичка програма.















# ПРОМОЦИЈА НА МИНИ ТЕНИС ВО ОПШТИНА КАРПОШ

Општина Карпош уште еднаш ја покажа и докажа поддршката која ја пружа на најмладите во негување на спортски и здрав живот. За прв пат во нашата држава, се одржа промоција на „мини тенис“ за најмладите таленти кои ја сакаат оваа игра. Местото на настанот беше токму во Општина Карпош, на плоштадот на „Млечен“. Здружението „Дечји свет тениса“ од Белград, кое се занимава со промоција и имплементација на глобалната кампања “Tennis 10’s” и “Play & Stay”, како дел од програмата на Tennis Europe и ITF, има за цел едукативно да го развие спортскиот дух и свеста за важноста на спортот како и активно дружење преку тениските активности. Сето ова е водено од визијата за постигнување на масовност на тенисот меѓу децата до 10 годишна возраст како и креирање на амбиент прилагоден на децата, почнувајќи од опрема, едукација и организација на тениски клубови.











TENNIS SCHOOL



# КОМУНАЛНИ ИНТЕРВЕНЦИИ НА УЛ. ЛЕРИНСКА



Во духот на соработката и грижата за потребите на граѓаните и институциите на нејзина територија, Општина Карпош продолжува со комуналните интервенции. Така, во средата (03.09), кај одводниот канал на ул. Леринска во населба Козле е поставена голема заштитна решетка со цел да се спречи натрупување смет и наноси од дождовите во каналот. Исто така, во тој дел е поставена и вертикална сигнализација за забрането паркирање и запирање освен за службените возила пред просторот на Германската амбасада. Изведувач на работите и фирмата „Мастеф" од Скопје.







# НОВИ МОЖНОСТИ ЗА ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

Во четвртокот (04.09), во 9.00 часот во просториите на Општина Карпош, врвниот професорски и менаџерски кадар на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, одржа полчасовна презентација за новите образовни можности што оваа високошколска установа ги пружа за едукација и доедукација на вработените во Општината. Општина Карпош со овој Универзитет има долгорочна соработка и потпишан меморандум во таа насока, а со тоа и право на бенефицирани услови на студирање. Шестчлената екипа на професорски кадар предводена од проректорот за наука и развој Сашо Кожухаров на заинтересираните вработени од Општината им ги објаснија условите за стекнување на високо образование, додипломски и постдипломски, магистерски и докторски студии. Ваквото унапредување на знаењата е дел и од стратегијата за образование на Општина Карпош која постојано вложува во подигнување на стручноста и знаењата на своите вработени, со цел да пружаат поквалитетни услуги на граѓаните.











# МАТЕЈ-ЗЛАТЕН ОЛИМПИЕЦ ВО РОБОТИКА



Матеј Предовиќ седмоодленец од ООУ „Војдан Чернодрински“ го освои првото место на Втората олимпијада по роботика. Тој, во областа на роботиката, се закити со златниот медал на Олимпијадата во Зрењанин која се одржа 27 до 29 август годинава, на која учествуваа ученици од цела ЈугоисточнаЕвропа.НаовојимпозантенНатпревар на изуми присуствувале и осмоодделенци, средношколци па дури и студенти, а основецот Матеј бил најмалиот натпреварувач. Негов ментор е професорот по техничко образование Лазе Смилески, кој е пре задоволен од постигнатиот успех на неговиот ученик и изјави дека станува збор за ученик кој има просперитет и афинитет да стане вистински робо-техничар. -Роботот кој победи во ова натпреварување има за цел да служи за војската и да ги наоѓа непријателите. Тој може да служи за научниците, да истражуваат опасни животни и да ги испитуваат, се користи во градежништвото за испитување на цевки и т.н.. Може да се користи за пронаоѓање на бомби поставени под автомобил – гордо изјави младиот олимпиец. Матеј го изработил и софтверот преку кој се раководи робот-тенкот а е инсталирана и камера на самиот робот.






# „ЅВЕЗДЕН КРАЈ“ ЗА ЈУБИЛЕЈНИОТ АКВАРЕЛЕН СИМПОЗИУМ





Во уметничко-изложбена атмосфера и со пригоден коктел, се означи крајот на Петтиот меѓународен акварелен симпозиум во организација на Општина Карпош. На традиционалната уметничка манифестација, учествуваа дваесеттина академски сликари од целиот свет.

Акварелниот симпозиум беше поделен во два дела, еден во рамки на Културното лето Карпош 2014 и вториот, кој траеше седум дена на две локации: во Охрид и во Општина Карпош. На него, врвните светски акварелисти успеаја, преку делата од секој акварелист, да ја искажат целата инспирација собрана од убавините на Македонија.

Претседателот на Комисијата за култура и спорт при Советот на Општина Карпош, Горан Михајлов, ја истакна својата благодарност до сите учесници и задоволството со кое им беа исполнети овие денови, не само со работа, туку пред се со дружба. -Конечно можеме да ги видиме делата кои овие големи мајстори на акварелот ги создадоа во претходните седум дена, со помош на македонските уметници и уметниците од странство.



Со него ние завршивме еден циклус, бидејќи ова е петти-јубилеен Акварелен симпозиум. Многумина не веруваа, но него го заокруживме со петгодишно постоење и би рекол опстоење. Ова пред се, беше една идеја која што започна како акварелна колонија со Зоки „Арттајм“, а со својот ентузијазам го насочи Пандора, за идејата да се претвори во „акварел“. Најголема благодарност му искажуваме на градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски, кој веруваше во нас и во тоа дека овој симпозиум ќе прерасне во традицонален бренд на Општината, – заврши Михајлов во пригодното обраќање.

Тој потоа им додели благодарници на сите учесници во акавраленииот симпозиум и тоа на : Илија Кавкалески, Милан Андов, Таки Павловски, Анета Ивановска-Симјановска, Лидија Пачемска, Горан Андов, Ставре Димитров-Стадим, Доне Миљановски, Емил Шулајковски, Илчо Симовски, Ниче Василев, Пандора Апостолска – Саздовска, Мирослава Раковиќ од Србија, Сања Прибиќ од Хрватска, Утпал Баруа од Индија, Анета Јазвинска и Грегорж Калиновски од Полска, Вернон Џонс од Велс, Надја Чернавскаја од Украина и Димитриј Самодранов од Русија. Делата на платно и хартија во акаврел и комбинирана техника од врвните мајстори на акварелот, ќе може да се видат на посебна изложба во рамките на Деновите на Општина Карпош.







